# ТЕХНИЧКИ ЛИСТ

# БИМИЗОЛ

**Бр.2201**

## Ладна еластомерна битуменска паста за хидроизолација




| | |
|---|---|
| **Опис на производ** | Еластомерна битуменска паста за хидроизолација по ладна постапка, на база на битумен, еластомери (SBS), полнители и растворувачи. |
| **Стандард** | **МКС У.М3.240** |

| Технички карактеристики | Метода | Мерка | Декларирана вредност |
|---|---|---|---|
| **Надворешен изглед** | Еднокомпонентен црно обоен премаз во вид на паста | | |
| **Точка на омекнување по ПК по отпарување** | МКС Б.Х8.613 | °C | ≥ 130 |
| **Пенетрација на 25°C по отпарување** | МКС Б.Х8.612 | 1/10 mm | ≥ 20 |
| **Процент на полимербитумен** | МКС У.М8.085 | % | ≥ 40 |
| **Процент на растворувачи** | МКС У.М8.085 | % | ≥ 30 |
| **Постојност на висока температура** | МКС У.М8.085 | °C | ≥ + 100 |
| **Постојност на ниска температура** | МКС У.М8.085 | °C | ≤ - 15 |
| **Прионливост на подлогата** | МКС Х.08.059 | - | добра |
| **Точка на палење во отворен сад по Кливленд** | EN ISO 2592 | °C | ≥ 35 |
| **Водонепропустливост 20 kPa; 8 часа** | МКС У.М8.085 | mPa | водонепропусен |

**Примена и вградување**

- **ПРИМЕНА:** БИМИЗОЛ се применува за хидроизолација на рамни кровови (рамни површини, продори, сливници) и мокри чворови (купатила, перални); за заштита од корозија на метални површини, цевководи и цистерни и за санација и репарација на стари објекти. Се аплицира на најралични подлоги по ладна постапка (бетон, метал, дрво, стара хидроизолација и сл).
- **ВГРАДУВАЊЕ:** Пред употреба производот треба добро да се промеша. Бимизолот се нанесува на сува, чиста обеспрашена и рамна површина. Најпрво подлогата се премачкува со основен прајмер Битулит Б1. На исушениот основен прајмер со глетарка се нанесува Бимизол во количина од 2-3кг, се армира со стаклена мрежа, а по 24 часа се нанесува вториот слој. Ваквиот систем на хидроизолација е содветен на систем со две хидроизолациски ленти. Кај непроодни рамни кровови за заштита, исушениот втор слој се премачкува со рефлектирачки слој, боја Алуминобит. Кај проодните површини заштитата се врши со соодветна механичка заштита. При санација на кровови, претходно се чисти и крпи старата хидроизолација, а потоа се применува наведената постапка за вградување.
- **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Производот е запаллив. При работа во затворен простор треба да се обезбеди добро проветрување.
- **ПОТРОШУВАЧКА:** Зависно од видот на подлогата, потрошувачката изнесува 4 -5 $kg/m^2$ нанесен во два слоја.

**Пакување,транспорт и складирање**

- **ПАКУВАЊЕ:** Во лимени канти
- **СКЛАДИРАЊЕ:** Се складира во оригинална и добро затворена амбалажа, во покриен и проветрен простор.
- **ТРАНСПОРТ:** За исправен транспорт е одговорен превозникот.

**Останати информации**

- На барање на купувачот одредени карактеристики на производот може да се променат. Наведените податоци се валидни и се темелат на статистички контроли на квалитетот. За неправилен избор на производот за одредена намена и за неправилно вградување, производителот нема одговорност. Производителот одговара за декларираниот квалитет.